*Зорица САЛТИРОВСКА* **УДК: 305:355.45**

# ВКЛУЧУВАЊЕ НА РОДОВИТЕ ПРАШАЊА ВО НАЦИОНАЛНИТЕ БЕЗБЕДНОСНИ ПОЛИТИКИ

***Кратка содржина***

*Безбедноста е заеднички императив за сите организирани оштества и во сите етапи од нивниот историски развој. Во современите општества, безбедноста е сфера на интерес на сите категории субјекти, и е основна општествена потреба која подразбира состојба на заштитеност на граѓаните и државата од сите видови загрозувања. Бидејќи безбедноста може да се набљудува од повеќе аспекти, нејзиното поимно определување не може да се смести во една универзална дефиниција. Но, неспорно е дека оваа цивилизациска придобивка им е потребна на сите во општеството без оглед на полот, статусот, националната или која било припадност. Поради тоа, безбедносните политики треба да бидат сеопфатни и да ги земат предвид различните безбедносни потреби на сите групи во општеството. Со намалувањето на дискриминацијата, т.е. со воспоставувањето на заштитни правила против дискриминација во институциите на безбедносниот сектор, се овозможува градење на доверба, се зголемува легитимитетот и се подобрува обезбедувањето на сигурност и правда. Во тие рамки, мошне е значајно да се земат предвид и различните безбедносни потреби на мажите и жените, вклучувајќи ги тука и внатрешните закани за безбедноста, како што е родовото насилство, како најочигледна манифестација на потребата од различен пристап при пружањето на безбедност и правда. Вклучувањето на родовите прашања во безбедносните политики позитивно влијае врз структурата и персоналот на вооружените сили, разузнавачките служби, полицијата и другите институции во безбеносниот сектор, и е показател дека работата околу креирањето на политиката на безбедност е темелно сработена и обезбедува родово одговорен процес и резултат.*

***Клучни зборови:*** *БЕЗБЕДНОСТ, НАЦИОНАЛНА БЕЗБЕДНОСТ, БЕЗБЕДНОСНА ПОЛИТИКА, РОД, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ, РОДОВИ ПРАШАЊА, РОДОВО НАСИЛСТВО*

## *Вовед*

Во современиот свет безбедноста добива нова суштинска улога и значење. Класичните извори на загрозување, а особено воените активности веќе го немаат

приматот кој им беше даден за сметка на другите облици на загрозување и несигурност на светот во целина. Новите и многу поопасни загрозувања како што се етничките судири, меѓународниот тероризам, меѓународниот организиран криминал, огромните миграции, економските кризи, глобалното загадување на животната средина и други, ја наметнуваат потребата од редефинирање на безбедноста и промена на безбедносната политика ставајќи го акцентот на невоените аспекти и механизми на дејствување. Развојот или ревизијата на националните безбедносни политики бара учество и придонес од голем број актери кои пружаат безбедност, како внатрешни, така и надворешни. Притоа, рамноправното вклучување на мажите и жените во креирањето на овие политики треба да укаже на тоа дека тие честопати имаат различни безбедносни потреби и приоритети поради што и пристапот кон пружање безбедност и правда треба да биде различен за различните групи. Родово одговорниот пристап во креирањето безбедносни политики треба да обезбеди еднаков пристап за мажите и жените во нивното развивање, спроведување и оценување, а со тоа и до еднаков пристап до безбедносните услуги. Вклучувањето на родовите прашања во безбедносните политики креира политики и институции за кои е многу поголема веројатноста дека ефикасно и на правична основа ќе пружаат безбедност и правда и за мажите и за жените.

### *Развивање на националните безбедносни политики*

Националната безбедност се однесува на напорите и грижата на самостојната држава да го заштити својот физички и територијален интегритет т.е. да ги заштити сопствените национални интереси како што се: националниот опстанок, независноста, територијалната целокупност, политичката самостојност, квалитетот на животот на своите граѓани, како и можноста за рамноправен, складен и брз општествен развој. Националната безбедност се однесува на државата во целина и во неа се инкорпорирани и внатрешната и надворешната безбедност. При тоа државите не се ограничуваат само на воените прашања, туку во фокусот на нивниот интерес се и политичките, економските, социјалните и еколошките прашања како темелни подрачја за анализа на безбедносната политика во современите држави. Националната безбедност се однесува на состојбата на безбедност на националната држава, но и на нејзиното свесно и организирано дејствување заради обезбедување на опстанок, развој и егзистенција на поединецот, општеството и државата и нивна заштита од сите извори на загрозување, на сите нивоа, во сите сфери на државата и општеството (Котовчевски, 2011:44-55).

Јакнењето на економската меѓузависност на државите во современиот свет, процесот на модернизација и урбанизација, ширењето на воената технологија во државите во развој со што се зголемува нивната моќ, соработката на државите во решавањето на актуелните прашања во меѓународната политика и други нови елементи и трендови во современиот свет, како и радикалните промени во меѓународната заедница, придонесоа за втемелување на нов пристап кон безбедноста во кој на

преден план е потребата за неопходна соработка меѓу државите заради заеднички безбедносен интерес и корист. Високиот степен на кооперативност и доверба меѓу државите е основен предуслов за успешно остварување на меѓународната безбедност како збир на мерки кои го осигуруваат опстанокот и развојот на сите држави и на глобалната меѓународна заедница. Современите безбедносни предизвици и закани кои се сè повеќе транснационални и не се опасност само за една држава, бараат исто така транснационален, колективен одговор и пристап во борбата за одржување на безбедносната состојба на задоволително ниво. Поради тоа политиките за безбедност на националните држави треба да бидат усогласени во однос на третирањето на надворешните и внатрешните закани за безбедноста и да се развиваат во рамките на меѓународната и регионалната легислатива кон која пристапиле (IPU and DCAF:Geneva, 2003:27). Но треба да се напомене дека е невозможно да се развие универзален модел во креирањето на безбедносните политики во различни контексти, бидејќи условите во секоја држава имаат одредени специфичности кои влијаат врз нејзиниот безбедносен контекст, а со тоа и врз процесите на креирање на безбедносната политика. Доколку не се земат предвид овие специфичности (политички, економски, социјални и други), безбедносната политика најверојатно нема да биде успешна.

Безбедносната политика на национално ниво е поставена врз основа на перцепцијата на власта за безбедносните закани во државата и одговорот на нив. Тоа е намерно планирање на акција како одговор на постоечките или потенцијалните закани. Во безбедносната политика се утврдува пристапот кон безбедносните прашања, се одредува приоритетот на заканите за безбедноста и се донесуваат најзначајните одлуки поврзани со безбедноста на државата и нејзините граѓани. Според DCAF политиката за национална безбедност е "рамка за опишување како земјата пружа безбедност за државата и граѓаните" (DCAF: Geneva, 2005:1). Овој политички документ може да се нарече и план, визија, стратегија, концепт или доктрина, а како интегрален документ го скицира структуирањето на безбедносниот сектор во справувањето со внатрешните и надворешните закани (Fluri and Johnsson, 2003:26). Во изминатиот период политиките за национална безбедност обично беа фокусирани на надворешните закани за безбедноста кои бараат национален одговор. Во САД, на пример, и денес приоритет имаат прашањата поврзани со подготвеноста на вооружените сили, нуклеарната стратегија, тероризмот, хемиското и биолошкото оружје, но сепак политиките за национална безбедност сè повеќе вклучуваат сеопфатна оценка и на домашната и на меѓународната безбедносна средина (The US National Security Strategy, 2006). Наместо директната воена закана за националната безбедност, државите сè поголемо внимание им посветуваат на прашањата како што се: организираниот криминал (посебно транснационалниот), трговијата со оружје, дрога и луѓе, нелегалната трговија со која се кршат ембаргата на ОН, тероризмот, загадувањето на животната средина, зајакнувањето на демократијата и толеранцијата (политичка, национална, религиозна), безбедноста на информациите и друго. Со тоа повеќе се потенцира опасноста од внатрешна нестабилност и глобални безбедносни закани, отколку од надворешни воени закани.

За ефикасна безбедносна стратегија потребни се многу човечки и финансиски ресурси бидејќи во развојот на националната безбедносна политика се инволвирани многу субјекти: извршната власт (која го иницира процесот за утврдување или измена на безбедносните политики), законодавната власт (која ја одобрува безбедносната политика и го набљудува и оценува нејзиното спроведување), локалната власт (која може да биде клучен спроведувач на безбедносната политика на национално ниво), недржавните безбедносни актери (кои во многу постконфликтни или држави во развој се главни актери во пружањето безбедност и правда) и организациите на граѓанското општество кои може да учествуваат во проценката, осмислувањето, спроведувањето и оценката на безбедносните политики (Albrecht and Barnes, 2008:1-2).

### *Важноста од вклучувањето на родовите прашања во креирањето национални безбедносни политики*

Родот се однесува на одредените улоги и односи, личните карактеристики, ставови, однесувања и вредности кои општеството им ги припишува на мажите и на жените. Оттаму, поимот "род" се однесува на научените разлики меѓу мажите и жените наспроти поимот "пол" кој се однесува на биолошките разлики меѓу нив. Во и меѓу културите, родовите улоги се разликуваат и може да се менуваат со текот на времето. Затоа родот не се однесува само на мажите или само на жените, туку и на односот меѓу нив. Вклучувањето на родот во главните токови е процес на проценка на влијанието на било која планирана активност врз мажите и врз жените, вклучувајќи ги и легислативата, политиките или програмите во сите области и на сите нивоа (Report of the Secretary-General UN, 1997:7). Безбедносниот сектор има задача да ги заштитува сите групи на граѓани поради што вклучувањето на родовите прашања во креирањето на безбедносните политики треба да биде императив. Воедно, тоа ќе помогне да се признае дека населението не е хомогена група, туку претставува широк опфат од потреби и интереси. Родово слепите политики може директно или индиректно да ги оправдуваат родовото насилство, родовата нееднаквост и практиките на исклучување, а несигурноста и насилството може да произлегуваат и од самата легислатива и од политиките кои го сочинуваат владеењето на правото, па дури и од институциите и персоналот во безбедносниот сектор. Потребата од вклучување на перспективите на сите групи во општеството во процесите на креирање на безбедносните политики е поврзана со настојувањето да се опфатат потребите и интересите на помалку видливите, помалку моќните и помалку привилегираните демографски групи во општеството (Albrecht and Barnes, 2008:4).

Рамноправното и недискриминирачко учество на мажите и жените во меѓународните, националните и локалните процеси на креирање безбедносни политики е во согласност со меѓународните норми и инструменти. Поради тоа, вклучувањето на родовите перспективи во националните безбедносни политики

е неопходно и заради почитување на меѓународните и регионалните закони, инструменти и норми во врска со родот и безбедноста. Како клучни инструменти може да се издвојат: Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација кон жените од 1979 година (ЦЕДАВ), Пекиншката Декларација и Платформа за акција од 1995 година и Резолуцијата 1325 на Советот за безбедност на Обединетите нации за жените, мирот и безбедноста од 2000 година. И покрај тоа што е голем бројот на државите кои се потписнички на овие документи, сепак во многу земји жените и понатаму се исклучуваат од процесите на одлучување и градење безбедносни политики. Консултациите со жените на национално ниво кои треба да дадат придонес во елиминирањето на социјалните и економските несигурности и да ги подобрат можностите за координиран одговор на родово базираното насилство (посебно сексуалното) често пати изостануваат. Тоа, е секако, спротивно на ставот изнесен во меѓународните документи дека единствено со родова рамноправност, еднакви права и пристап до процесите на одлучување, може да се обезбеди одржлив развој (DANIDA: Copenhagen, 2004:17).

Во задоволувањето на безбедносните потреби на граѓаните и заедниците, мора да се земаат предвид различните безбедносни потреби на мажите и жените, а потребата од таков пристап најочигледно се манифестира во родовото насилство. Тоа е глобален феномен кој ги погодува сите групи во општеството и од нив не се поштедени ниту мажите, ниту жените. Според УНИФЕМ секоја трета жена во светот е подложена на некој вид родово насилство како напад, силување, тепање, трговија и слично (UNIFEM: Newyork, 2003:6). Центарот за контрола и спречување болести соопштува дека секоја година во САД, 1 500 000 жени и 800 000 мажи се силувани или физички нападнати од интимниот партнер. Според Министерството за внатрешни работи на Велика Британија, домашното насилство е водечка причина за смртноста кај жените на возраст од 19 до 44 години, создавајќи трошоци од 23 милијарди фунти годишно (Domestic Violence-Anational Report, 2005). Меѓутоа, родовото насилство, ги погодува и мажите. Сексуалното насилство врз мажите во вооружените сили и во затворите е исклучително табуизирано прашање и покрај тоа што заслужува поголемо внимание, особено во конфликтни општества кога мажите се подложени не само на сексуално насилство, туку и на присилна регрутација и масакри. Ваквите појави се распространети, но програми за родово насилство за мажите практично и не постојат во постконфликтните општества. Тоа покажува дека вклучувањето на родовите прашања во безбедносните политики е подеднакво значајно и за жените и за мажите. Земајќи ги предвид нивните посебни безбедносни потреби, државите обезбедуваат сеопфатен пристап во креирањето на безбедносните политики.

### *Предизвици и можности за вклучување на родовите прашања во националните безбедносни политики*

Предизвиците и можностите за вклучување на родовите прашања во националните политики на државите се различни поради специфичните контексти во кои се развиваат. И покрај мноштвото можности за нивно вклучување, како клучни прашања кои се земаат предвид во сите институции инволвирани во креирањето и спроведувањето на овие политики, се издвојуваат: родовата обука, набљудувањето и оценката. Родовата обука се обезбедува за да се поддржи родово одговорен развој и спроведување на безбедносната политика, а се обезбедува за сите учесници во креирањето на безбедносната политика. Принципот на ефикасност бара родовата обука да одговара на потребите и задачите на субјектите за кои е наменета, да се фокусира на практични примери, релевантни материјали и извори, да се набљудува и да се оцени. Потенцијални теми кои може да се опфатат при тоа се: различните безбедносни потреби на мажите и жените; намалување на дискриминацијата, сексуалното вознемирување и родовото насилство од страна на безбедносниот кадар; развивање стратегии за искоренување на родовото насилство; запознавање со меѓународната, регионалната и националната правна рамка која ги нагласува еднаквите права и пристап за мажите и жените; зголемување на бројот на жени во институциите на безбедносниот сектор и зголемување на можностите за нивно напредување; механизми за поголемо учество на граѓанското општество (вклучувајќи ги и организациите на жените) во процесите на креирање на националните безбедносни политики; проценка на влијанието на политиката врз родот; родова анализа на буџетот. Доколку не се организира посебна родова обука, родовите теми треба да се вклучат во обуката фокусирана на безбедносните прашања (Albrecht and Barnes, 2008:15). Набљудувањето и оценката треба да покажат колку безбедносната политика ги задоволува посебните потреби на мажите и жените и колку ги исполнува идентификуваните цели во однос на родовите прашања.

За доследно и одговорно вклучување на родовите прашања во националните безбедносни политики неопходно е чувството на обврзаност на субјектите, и тоа во највисоките нивоа на власта. Тоа значи дека треба да постои висока свест за потребата да се изградува родов капацитет во безбедносниот сектор, почнувајќи од шефот на државата, министрите и клучниот кадар во институциите на безбедносниот сектор, па се до организациите на граѓанското општество. Тука се вклучува и свеста за потребата од исполнување на меѓународните и националните обврски за родова еднаквост и човекови права. Тоа може да се постигне со организирање на родови брифинзи, разговори на безбедносни теми кои ги третираат родовите прашања на соодветен начин, вклучување на квалификувани жени во управувачкиот персонал, вклучување на родови експерти во изработката на програми со кои се изградува родов капацитет, и слично. За поголемо осигурување дека родовите прашања се ставени на агенда и дека жените се вклучени во одлучувањето за безбедноста, клучна улога може да имаат и координативните тела, како што е Советот за национална безбедност. Овие тела имаат различни мандати и членство во различни

земји, но многу ретко ги вклучуваат жените и ги решаваат родовите прашања. Така, на пример, во 2005 година од 183 држави, само во 12 имало министерки за одбрана, а во 29 министерки за правда. Причина за тоа е пред се, што овие тела првенствено се занимаваат со макро-политички прашања, не правејќи разлика меѓу различните групи во општеството. За да се подобри таквата состоба, не само во координативните тела, туку и во другите тела кои работат на изготвувањето на безбедносните нацрт-политики (комитети, на пример), потребен е експлицитен осврт на родовите прашања и употреба на родово-чувствителен јазик. Притоа, посебно треба да се потенцираат прашањата за: важноста од постигнување еднаквост меѓу мажите и жените како прашање на национална безбедност; афирмацијата на мажите и жените за учество во институциите на безбедносниот сектор; дефинирање на родовото насилство како внатрешна закана за безбедноста и развивање стратегии за негово спречување и казнување; елиминирање на родовата и друга дискриминација во институциите на безбедносниот сектор; учство на граѓанското општество во надзорот на спроведувањето на безбедносните политики и друго (Albrecht and Barnes, 2008:9).

Парламентот, исто така, може да игра клучна улога во градењето политика која одговара на посебните родови потреби, и тоа преку партиципативни процеси на креирање политика и еднаква претставеност на мажите и жените. Неговата вклученост во безбедносните политики обезбедува транспарентност и одговорност пред јавноста, која се постигнува преку отворените дебати, консултации и јавната достапност на информациите за владините безбедносни политики. Од аспект на еднаква застапеност во парламентот, важно е да се изгради свест и разбирање кај пратениците за родовите прашања и да се определат национални и партиски квоти за минимално учество на мажите и жените.

За целосно спроведување на националните безбедносни политики мора да се преземаат иницијативи и на локално ниво, кои ќе бидат одраз на локалната безбедносна реалност и приоритети. Овие иницијативи може да бидат: ревизии на безбедноста кои ќе ги идентификуваат проблемите со криминалот (на пример, семејното насилство), активностите на организациите, физичките и социјалните карактеристики на локалната заедница, најважните проблеми и слично; безбедносни планови на граѓаните од локалната заедница, разни локални форми на полицијата и друго. За да се планираат, координираат и набљудуваат иницијативите за подобрување на локалната безбедност, се создаваат локални тела, како што се локалните безбедносни комитети. Во нив треба да бидат вклучени експерти за родови прашања и претставници на организациите на жените кои ќе обезбедат родово рамноправни консултации и распределба на податоци, ќе ги земат предвид различните безбедносни потреби во иницијативите за спречување и одговор на криминалот и родовото насилство, а може да обезбедат и обука за изградба на родово-одговорен пристап кај субјектите вклучени во изработката на нацртите на безбедносните планови на локално ниво (Albrecht and Barnes, 2008:14).

Организациите на граѓанското општество ги вклучуваат организациите на жените, работничките синдикати, религиозните, етничките и малцинските групи и асоцијации, професионалните деловни асоцијации, невладините организации,

фондациите, истражувачките групи, медиумските групи и институциите за обука. Овие организации може да преземат мноштво активности во насока на родово-одговорно креирање на безбедносните политики: подигање на свеста за потребата од родова димензија во безбедносните политики, обезбедување родови експерти, истражување на безбедносните потреби на заедницата, набљудување на спроведувањето на безбедносните политики и активности, претставување на ставовите кон безбедносна пред граѓаните, изготвување медиумски извештаи за опфатеноста на родовите прашања во безбедносните политики, организирање јавни дебати за суштинските прашања за безбедносна и одбраната, испраќање независни анализи и информации за безбедносниот сектор до парламентот и јавноста, и други активности. Поради специфичната експертиза и пристапот до информациите, од посебно значење се организациите на жените. Тие се мост помеѓу креаторите на безбедносните политики и реалните потреби и проблеми на мажите и жените во заедницата, бидејќи успешно ги детектираат преку своите локални мрежи. Некои податоци може да алармираат и да послужат за рано предупредување од конфликти, што е од голема важност за определувањето на приоритетите на националната безбедност (Albrecht and Barnes, 2008:15).

Мора да се каже дека, и покрај сите залагања на државите и воопшто на меѓународната заедница, поодговорно и подоследно да ги инкорпорираат родовите прашања во безбедносните политики, мошне е тешко родовите димензии да се направат видливи за креаторите на овие политики, особено на национално ниво. Безбедносните политики се развиваат во различни безбедносни контексти и услови, а тоа влијае на нивната успешност. Додека едни држави се соочуваат со слаби државни институции и инфраструктура, недостаток на стручна експертиза, отпор кон прифаќањето на родовите прашања во безбедносните политики, сиромаштија и ограничен капацитет и ресурси за процесите на вклучување на родовите перспективи во безбедноста, за други држави националната безбедност е прашање одвоено од добросостојбата и стабилноста во општеството, и се фокусира само на макро-политичките безбедносни прашања (оружје за масовно уништување, тероризам, природни катастрофи, криминал и слично). Ваквата состојба секако бара поголема посветеност на родовите димензии во безбедносната сфера, не само од страна на највисоките нивоа на власт, туку и од граѓаните и нивните организации и форуми.

## *Заклучок*

Вклучувањето на родовите прашања во националните безбедносни политики овозможува поефикасно и подоследно пружање безбедносна правда за мажите и жените земајќи ги предвид нивните посебни потреби и интереси. Родово-слепите безбедносни политики се индикатор дека, директно или индиректно ги оправдуваат родовото насилство, родовата нееднаквост и практиките на исклучување и маргинализација. Тенденцијата на државите да се фокусираат само на надворешните и макро-политички закани за безбедноста ги фрла во сенка внатрешните безбедносни

закани, што различно влијае врз различни групиво општеството. Освен тоа, аверзијата за вклучување на родовите прашања во безбедноста е резултат на ставовите на извршната власт и јавноста дека родовата еднаквост е веќе постигната и нема потреба од нејзино актуелизирање, особено не во безбедносниот сектор. Поради тоа, зголемената застапеност на жените во институциите кои пружаат безбедност и вклучувањето експерти и советници за родови прашања во нив, потенцијално може да ја зголеми одговорноста на субјектите, во процесот на креирање безбедносни политики да ги земат предвид и нивните родови димензии.

***Литература***

Albrecht, Peter and Barnes, Karen, (2008), National Security Policy-Making and Gender, Gender and Security Sector Reform Tooklit, Eds. Megan Bastick and Kritin Valasek, Geneva: DCAF, OSCE/ODIHR, UN-INSTRAW.

Danick International Development Agency, (2004), Sikkerhed, vaekstudvinling, DANIDA: Copenhagen.

DCAF Backgrounder, (2005), Security Sector Governace and Reform, Geneva.

Domestic Violence- A National Report, (2005), http://www.crimereduction.gov.uk/domesticviolence51

Fluri, P. H., and Johnsson, A. B., (2003), Parliamentary Ovesright of the Security Sector, Geneva.

IPU and DCAF, (2003), Parliamentary Oversight of the Security Sector: Principles, Mechanisms and Practices, Geneva.

The US National Security Strategy, http://whitehouse.gov/nsc/nss/2006.

UN Economic and Social Council, (1997), Coordination of the Policies and Activities of the Specialozed Agencies and Other Bodies of the United Nations System: Mainstreaming the Gender Perspective into all Policies and Programmes in the United Nations System, Report of the Secretary-General

UNIFEM, (2003), Not a Minute More: Ending Violence against Women, New York.

Котовчевски, Митко, (2011), Национална безбедност, Филозофски Факултет, Скопје.

*Zorica SALTIROVSKA*

# INCLUSION OF GENDER ISSUES IN THE NATIONAL SECURITY POLICIES

***Summary***

*Security is a common imperative for all organized societies, in all stages of their historic development. In modern societies, security is a sphere of interest to all categories and subjects, and it is a core societal need, which envisages the protection of citizens and states from all kinds of jeopardy. Since security can be observed from several aspects, its meaning cannot be dwarfed into one universal definition. However, it cannot be contested that irrespective of their sex, status, nationality or any other affiliation, every member of the society has an inherent need for security. That is why security policies must be comprehensive and take into account the various security needs of all social groups. By reducing discrimination, i.e. by establishing anti-discrimination rules in the institutions of the security sector, we could build trust, boost legitimacy, and provide safety and justice. Within this give framework, it is crucial that we take into consideration the different security needs of men and women, including internal security threats, such as gender violence as the most obvious manifestation of the need for a different approach in providing safety and justice. The inclusion of gender issues has a positive impact on the structure and staff of military forces, intelligence agencies, police, and other institutions of the security sector. Moreover, it is an indicator that the security policy is thoroughly well developed, and providing gender-accountable process and result.*

***Key words:*** *SECURITY, NATIONAL SECURITY, SECURITY POLICY, GENDER, GENDER EQUALITY, GENDER ISSUES, GENDER VIOLENCE*